Советодавните и консултантските услуги се уште еден важен сегмент од апликативната дејност на Институтот. Овие услуги се движат од проценка на почвени и климатски услови, преку фитопатолошка дијагностика и препораки за ѓубрење, до интегрирано управување со болести и штетници. Посебно внимание ќе биде посветено на мали и средни земјоделски стопанства, кои често имаат ограничен пристап до стручна поддршка. Овие услуги се базирани на најновите научни истражувања и се прилагодени на локалните услови и потреби, со што значително се зголемува нивната ефикасност и релевантност.

Во насока на јакнење на јавниот интерес и полесна меѓуинституционална координација, Институтот ќе иницира и зајакне соработка со Министерството за земјоделство,

шумарство и водостопанство, како и со Агенцијата за поддршка на руралниот развој. Ќе се работи на развој на заеднички програми, прирачници и годишни советувања, со цел ширење на најдобрите земјоделски практики. Во оваа рамка, апликацијата не се гледа само како пренос на знаење, туку како динамичен процес на интеракција – каде теренот и земјоделецот се рамноправни партнери на науката. Преку воспоставување повратна врска, Институтот ќе го моделира своето истражување според реалните потреби на практиката, обезбедувајќи ефикасност, применливост и долгорочно влијание врз земјоделскиот сектор.

Покрај тоа, организацијата на стручни советувања најмалку еднаш годишно претставува важен механизам за континуирана едукација и размена на искуства меѓу земјоделците, научниците и експертите. Вакви настани овозможуваат презентација на нови истражувања, технички достигнувања и успешни практики, како и дискусии за актуелните предизвици и можности во земјоделството. Стручните советувања ја поттикнуваат и мрежната соработка и создаваат платформа за иновации и развој.

За зголемување на видливоста на Институтот своите реализирани активности на годишно ниво, ќе ги презентира преку Отворен ден - настан кој ќе им овозможи на земјоделци, студенти, истражувачи, медиуми и поширокаата јавност директен увид во тековните проекти, научни достигнувања и модерни технологии што се применуваат во Институтот. Овој настан би вклучувал интерактивни презентации, посети на експерименталните полиња и лаборатории, работилници и панел-дискусии со експерти од различни области. Со ваков пристап, Институтот ќе го зајакне дијалогот со јавноста, ќе ја зголеми транспарентноста на своето работење и ќе ја поттикне соработката со други академски и практични засегнати страни.

Програмска цел: Апликација – Поврзување на науката со земјоделската практика

Подцел	Активности	Индикатори за успех
2.1. Развој на демонстративни фарми и модели на одржливо земјоделство	- Формирање на демонстративни фарми за одржливо земјоделство - Примената на агроеколошки и интегрирани методи на производство - Обука и демонстрации за земјоделци и заинтересирани страни	- Број на формирани демонстративни фарми - Број на обучени земјоделци и учесници на демонстрации

2.2. Советодавни и консултантски услуги за фармери и агробизниси	- Обезбедување на техничка поддршка и консултантски услуги - Препораки за подобрување на производствените процеси и примена на нови технологии	- Број на земјоделци и агробизниси кои користат услуги - Оценка на задоволството на корисниците
2.3. Развивање и воведување на иновативни земјоделски технологии	- Воведување на нови земјоделски технологии (прецизно земјоделство, биотехнологија, агроекологија) - Пренос на научни резултати во практична примена	- Број на воведени нови технологии и нивната примена - Степен на усвојување на иновациите од страна на земјоделците
2.4. Зголемување на соработката со Министерството за земјоделство, АПРЗ и други институции	- Програми за заедничка работа со Министерството и други релевантни институции - Соработка во креирање на земјоделски политики и препораки	- Број на реализирани заеднички проекти и иницијативи - Влијание на предложените политики на национално и регионално ниво

3. Образование – Пренос на знаење кон новите генерации

Образовната мисија на Земјоделскиот институт – Скопје е подеднакво важна како и неговата научна и апликативна дејност. Преносот на знаење кон младите генерации и активната едукација на сите чинители во агросекторот претставуваат основа за одржлив развој, современи земјоделски практики и градење на силна национална експертиза. Во рамки на оваа петгодишна програма, образованието се позиционира како динамичен и вклучувачки процес, кој се одвива преку повеќе формати и насоки.

Прво, Институтот ќе се насочи кон продлабочување на соработката со високообразовните установи во земјата и странство, со цел креирање на заеднички студиски програми, практична настава и интердисциплинарни академски иницијативи. Преку воспоставување формални партнерства, ќе се поттикне двонасочна размена: универзитетите ќе добијат пристап до теренска и лабораториска инфраструктура, додека Институтот ќе ги вклучи студентите во тековни проекти и истражувања.

Второ, ќе се развијат програми за неформално образование на земјоделци, ученици и стручна јавност. Овие програми ќе опфаќаат краткорочни обуки, практични работилници, зимски и летни школи, но и нови иновативни формати како теренски демонстрации, учење преку работа и интерактивни предавања со употреба на

дигитални алатки. Секоја едукативна активност ќе биде насочена кон применливост, јасна вредност и воспоставување на континуирана врска помеѓу учесниците и Институтот.

Трето, образованието ќе биде проширено и со развој на програми за доживотно учење. Преку сертифицирани модули, онлајн курсеви и отворени предавања, Институтот ќе понуди постојан пристап до современи знаења и практики во агросекторот, особено за оние кои се веќе активни во професијата, но сакаат да ги надградат своите капацитети.

Особено внимание ќе се посвети на улогата на истражувачите и вработените во Институтот како ментори. Секој истражувач ќе биде охрабрен да води најмалку еден студент или млад кадар, со што ќе се овозможи персонализиран развој, практична експертиза и градење на кадар кој може да ја продолжи научната и професионална мисија на институцијата.Со овие активности, Институтот ќе го поттикне образованието и истражувањето во земјоделството, обезбедувајќи дека идните генерации ќе имаат високо ниво на стручност и ќе бидат подготвени да се справат со предизвиците на современото земјоделство.

Програмска цел: Образование – Пренос на знаење кон новите генерации

Подцел	Активности	Индикатори за успех
3.1. Продлабочување на соработката со високообразовни институции	- Воспоставување формални партнерства со универзитети во земјата и странство - Развивање на заеднички студиски програми и практична настава	- Број на склучени договори за соработка - Број на заеднички студиски програми - Број на студенти вклучени во практична настава или проекти
3.2. Развивање на програми за неформално образование	- Организирање на краткорочни обуки, летни/зимски школи и теренски демонстрации - Примена на дигитални алатки во едукативни активности	- Број на реализирани обуки и работилници годишно - Број на учесници по тип на активност - Процент на активности што користат дигитални алатки
3.3. Воспоставување програми за доживотно учење	- Развивање на сертифицирани курсеви, онлајн модули и отворени предавања за професионалци	- Број на понудени програми за доживотно учење - Број на учесници кои успешно ги завршиле програмите - Број на издадени сертификати
3.4. Менторство и вклучување на истражувачите во едукацијата	- Поттикнување на истражувачите да менторираат студенти или млади кадри - Вклучување на млади во тековни истражувачки проекти	- Број на истражувачи вклучени како ментори - Број на менторирани студенти или млади професионалци - Број на млади вклучени во проекти

3.5. Зголемување на институционалната видливост преку едукативни активности	- Јавно објавување на активности и резултати - Промоција на програмите преку медиуми и дигитални канали	- Број на јавни настапи, објави и промоции - Посети на веб-страница или едукативна платформа - Повратна оцена/анкети од учесници

Крос-секторски приоритет: Дигитализација

Дигитализацијата претставува хоризонтален приоритет во развојната програма на Земјоделскиот институт – Скопје, кој ги поврзува сите останати столбови: науката, апликацијата, образованието и организацискиот развој. Во време кога дигиталните технологии ја редефинираат улогата на податоците, анализата и одлучувањето, Институтот се обврзува да го води процесот на информатичка трансформација во аграрниот сектор.

Во рамки на оваа програма, дигитализацијата ќе се спроведува систематски и во фази. Најнапред, ќе се воспостави дигитална база на сите постоечки лабораториски, генетски и агротехнички податоци. Оваа фаза ќе овозможи интеграција на податоци од различни сектори во Институтот, создавајќи основа за внатрешна интероперабилност и брз пристап до информации.

Понатаму, ќе се развие функционална дигитална платформа која ќе служи како мост помеѓу истражувачите, земјоделците и институциите. Преку оваа платформа ќе се споделуваат резултати од истражувања, упатства, совети и визуелизации на податоци во реално време. Таа ќе биде алатка не само за комуникација, туку и за соработка, заедничко решавање на проблеми и учество во креирање на аграрни политики.

Дигиталната трансформација ќе вклучува и развој на мобилни апликации со конкретна поддршка за земјоделците – предвидување на болести, препораки за ѓубрење, климатски анализи и известувања за ризици. Со користење на big data анализи, сателитски податоци и географски информациони системи (ГИС), Институтот ќе овозможи прецизна и навремена поддршка при земјоделското одлучување.

Покрај техничките алатки, посебен фокус ќе биде ставен на обука на вработените за користење и управување со дигитални системи. Дигитализацијата ќе се вгради и во

образовните активности преку онлајн обуки, дигитални модули и виртуелни лаборатории.

На крајот на програмскиот период, Институтот има за цел да биде препознаен како носител на дигитална трансформација во земјоделскиот сектор – институција што ја користи технологијата не само за подобрување на сопствената ефикасност, туку и за унапредување на земјоделството на национално и регионално ниво.

Организациски развој

Ниту една институционална трансформација не е можна без силна, добро организирана и адаптибилна внатрешна структура. Организацискиот развој е основата врз која се надградуваат научните, апликативните и образовните дејности на Земјоделскиот институт – Скопје. Во рамките на оваа програма, организацискиот развој е замислен како процес на модернизација, внатрешна мобилизација на ресурси и создавање услови за долгорочна институционална одржливост.

Најпрво, Институтот ќе спроведе внатрешна реорганизација насочена кон зголемување на ефикасноста, транспарентноста и координацијата помеѓу одделенијата. Ќе се изврши ревизија на постојните административни и технички процеси, со цел елиминирање на дупликати, намалување на бирократски пречки и воведување на јасно дефинирани одговорности и надлежности.

Истовремено, ќе се воведат механизми за редовно планирање, следење и евалуација на резултатите. Преку воспоставување на годишни оперативни планови и индикатори за перформанси, Институтот ќе ги следи своите активности на транспарентен и мерлив начин. Овие алатки ќе обезбедат навремено прилагодување кон новите услови и проактивно управување со промените.

Професионалниот развој на кадарот ќе биде во срцето на организацискатa политика. Ќе се поттикнува континуирана обука, интердисциплинарна соработка, мобилност и учество на меѓународни програми. Институтот ќе работи и на создавање поволна работна средина – преку јасна комуникација, мотивирачко лидерство и поддршка на иновативни иницијативи од вработените.

Дополнително, ќе се изработат стратегии за финансиска одржливост преку комерцијализација на резултати, услуги и експертиза. Овие активности ќе овозможат

делумен финансиски автономен приход, кој ќе се реинвестира во истражување, технологија и човечки капитал.

На крајот на програмскиот период, Институтот се стреми да биде современо управувана, транспарентна и флексибилна институција, каде секој сегмент функционира во синергија со останатите, а секој вработен има јасна улога, поддршка и можност за професионален напредок.

Очекувани резултати до 2028 година

Со реализацијата на оваа тригодишна програма, Земјоделскиот институт – Скопје очекува да постигне видливи, мерливи и одржливи резултати на неколку клучни нивоа. Овие резултати ќе бидат доказ за ефективноста на поставените политики, како и основа за понатамошен развој и унапредување на улогата на Институтот во аграрниот систем на државата.

Во доменот на науката, се очекува значително зголемување на бројот на научноистражувачки трудови, објавени во списанија со ~~висок~~ импакт-фактор, како и активна вклученост на Институтот во најмалку пет меѓународни истражувачки конзорциуми. Ќе се поттикне продуктивноста на младите истражувачи преку вклучување во докторски и постдокторски програми, што ќе резултира со зголемена генерациска реновација и континуитет.

Во сферата на апликацијата, ќе биде воспоставена мрежа од демонстративни фарми со цел да се тестираат и демонстрираат иновативни земјоделски практики. Ќе се развијат прирачници и модели за поддршка на земјоделците, засновани на податоци и теренски искуства. Советодавните активности ќе станат редовни и структурирани, а повратните информации од земјоделската заедница ќе бидат интегрирани во истражувачкиот процес.

Во рамки на образованието, Институтот ќе воспостави функционална соработка со високообразовни институции, што ќе резултира со заеднички студиски програми и интегрирана практична настава. Ќе бидат обучени стотици учесници преку кратки курсеви, обуки и работилници, а онлајн платформите ќе овозможат доживотно учење достапно за поширокатa јавност.

На полето на дигитализацијата, се очекува формирање на интегрирана дигитална инфраструктура – бази на податоци, дигитална платформа за знаење и мобилни апликации. Овие алатки ќе ја поддржат не само внатрешната ефикасност на Институтот, туку и ќе обезбедат модерен пристап до информации за сите чинители во земјоделството.

Во аспект на организацискиот развој, Институтот ќе имплементира ефикасни административни и управувачки практики, засновани на транспарентност, отчетност и мерливи индикатори. Финансиската одржливост ќе се засили преку диверзификација на приходите, а професионалниот развој на вработените ќе биде институционализиран.

На крајот од 2028 година, Земјоделскиот институт – Скопје ќе биде современа, отворена и силно позиционирана институција, која е препознатлива по својата научна извонредност, теренска релевантност и активен придонес во развојот на земјоделството во државата и пошироко.

Заклучок

Програмата за работа на Земјоделскиот институт – Скопје за периодот 2024–2028 претставува сеопфатна рамка за институционален раст, научен напредок и практична поддршка на земјоделството. Таа е насочена кон интеграција на знаењето, технологијата и образованието во служба на одржлив развој. Со јасно дефинирани цели и активности, Институтот се позиционира како водечки фактор во современиот аграрен систем. Очекуваните резултати ќе го зацврстат неговото национално и регионално значење. Оваа програма е залог за иднината на земјоделството базирано на наука, иновации и одговорност.

16-та Македонска Бригада 3-а
1000 Скопје, Република Македонија
т: +389 2 3230-910
ф: +389 2 3114 283
info@zeminst.edu.mk
www.zeminst.ukim.edu.mk

Временска рамка за реализација на програмата (2025–2028)

Година	Наука	Апликација	Образование	Дигитализација
2025	Формирање на истражувачки тимови Почеток на апликации за проекти	Анализа на потреби на фармерите Планирање демонстративни полиња	Мапирање на образовни партнери Планирање програми	Планирање дигитална инфраструктура Почеток дигитализација на податоци
2026	Прва генерација на млади истражувачи Почеток на меѓународни проекти	Воспоставување на демонстративни фарми Советодавни центри	Работилници за студенти и земјоделци Нови студиски програми	Платформа за знаење Пилот мобилна апликација
2027	Објави во SCI списанија Настапи на конференции	Проширување на апликативни проекти Иновации во земјоделство	Менторирање млади кадри	Интеграција со бази на податоци Агроаналитички алгоритми
2028	Евалуација на перформанси Подготовка на нова стратегија	Систематизација на резултати и модели	Меѓународни обуки и размена	Целосна дигитална трансформација

Со почит,
Проф. д-р Душко Неделковски

16-та Македонска Бригада 3-а
1000 Скопје, Република Македонија
т: +389 2 3230-910
ф: +389 2 3114 283
info@zeminst.edu.mk
www.zeminst.ukim.edu.mk

ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ
Бр. 0202-747/1
02-12-2026 год.
СКОПЈЕ

До
Советот за квалитет на
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН (2025/2026)

со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста

Податоци за високообразовната установа	
Назив	Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Земјоделски институт - Скопје
Седиште	16та Македонска бригада 3А Скопје
Контакт-информации	02/323 0910
Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт-информации)	Проф. д-р Душко Неделковски, Директор 02/3230910 d.nedelkovski@zeminst.ukim.edu.mk
Членови на Советот за квалитет на единицата	од редот на наставниците: - д-р Биљана Дрвошанова, претседател - д-р Катерина Банџо Орешковиќ - д-р Марија Ѓошева-Ковачевиќ Од редот на студентите - Виктор Рајчин Од стопанството - Катерина Костовска
Учебна година за која се однесува Годишниот акциски план	2025/2026
Датум на усвојување од страна на Советот за квалитет на единицата	29.09.2025
Датум на усвојување од страна на Наставно-научниот совет на единицата	07.10.2025
Годишниот акциски план	☐ Се доставува првпат. ☐ Се доставува вторпат, со коригирани технички забелешки. ☑ Се доставува вторпат, по завршена дорабоктка.

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје * Република Северна Македонија * Земјоделски институт Скопје

Место, датум

26.11.2025 год.

МП

Овластено лице на установата
(потпис)

1. Приказ на состојбата – клучни наоди од Извештајот за самоевалуација

Предности	Слабости
СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ ⇒ Постои основен систем за обезбедување на квалитет на образованието, вклучувајќи редовни евалуации и употреба на различни алатки преку кои се вклучени студентите и другите засегнати страни. ⇒ Во рамките на институтот активно функционира Одборот за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на основачот и релевантни претставници на деловната заедница. **СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ** ⇒ Студиските програми на Земјоделскиот институт на втор циклус студии се акредитирани и усогласени со важечките законски решенија во Република Северна Македонија, што обезбедува правна валидност и квалитет на образованието. ⇒ Студиските програми се креирани врз основа на континуирано следење и анализа на современите потреби на општеството и земјоделството, вклучувајќи ги и промените предизвикани од климатските промени, дигитализацијата и технолошкиот развој, што овозможува релевантност и современост на образованието. **СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ** ⇒ Наставата вклучува различни интерактивни методи како семинарски трудови, панел дискусии, и истражувачки проекти, кои ги ангажираат студентите активно во процесот на учење и развој на критичко размислување. ⇒ Статутот и другите акти и правилници на Земјоделскиот институт - Скопје обезбедуваат структурирана основа за изведување на наставата и оценувањето на студентите, што осигурува конзистентност и правна сигурност.	**СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ** ⇒ Постојат само две акредитирани програми на втор циклус студии, што може да ги ограничи можностите за привлекување на нови студенти, да влијае на привлекувањето на разните интереси и експертиза во Институтот и истите да не соодветствуваат на потребите на пазарот. ⇒ Институтот нема верифицирани национални програми за неформално образование во земјоделството и руралниот развој, кои ќе соодветствуваат со потребите на пазарот. ⇒ Институтот нема потпишано договори за соработка за реализација на практична настава на студенти. **СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР** ⇒ Институтот нема интерна процедура за евидентирање и следење на објавени трудови на наставно-научниот кадар. ⇒ Ограничени финансиски средства на Институтот за унапредување на наставниот кадар. **СТАНДАРД 6. РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ** ⇒ Отсуството на доволни финансиски средства за научно-истражувачки проекти негативно влијае на објавувањето на трудови во релевантни меѓународни списанија. ⇒ Немање на достапни ресурси за лица со посебни потреби и установата треба да работи на зголемување на ресурсите за лицата со посебни потреби, особено во делот на аудио-визуелни ресурси како и непречен физички пристап до просторијата. **СТАНДАРД 7. УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ**

СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ

⇒ Институтот строго се придржува до однапред утврдените прописи кои го регулираат запишувањето, напредувањето, дипломирањето и издавањето на сертификати. Ова осигурува транспарентност и доследност во сите фази на студирањето.

⇒ Институцијата има развиено и применува функционални системи и алатки за следење на напредокот на студентите, како што е IKNOW системот, што овозможува ефикасно управување и контрола на академскиот процес.

СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР

⇒ Институтот располага со искусен и компетентен наставен кадар, кој е способен да ги пренесе своите знаења и вештини на студентите, базирани на долгогодишно научно-истражувачко искуство.

⇒ Процесите за вработување и унапредување на наставниот кадар се транспарентни, праведни и усогласени со законските норми, што гарантира доверба, сигурност и конзистентност во изборот на кандидатите.

СТАНДАРД 6. РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ

⇒ Институтот континуирано инвестира сопствени средства во подобрување на наставата преку набавка на наставни помагала, збогатување на библиотечниот фонд и информатичката технологија. На студентите им се достапни библиотека, предавална со аудио-визуелна опрема, лаборатории, експериментална микровинарија и оранжерија, како и 20 хектари земјоделска површина за научно-истражувачка работа и практична настава.

⇒ Студентите имаат директен и непосреден контакт со професорите и се активно вклучени во научната и наставната дејност на Институтот.

⇒ Институтот нема централизирана дигитална платформа за зачувување и размена на информации од различен карактер.

СТАНДАРД 8. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА

⇒ Со оглед на незадоволителниот број на запишани студенти на втор циклус, континуирано се истакнува потребата од поактивна промоција на студиските програми и подобрување на видливоста на Институтот.

СТАНДАРД 9. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

⇒ Непостоење на меѓународна соработка во областа на едукацијата на студентите на втор циклус студии со странски универзитети.

СТАНДАРД 7. УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ ⇒ Земјоделскиот институт-Скопје редовно прибира и анализира податоци кои се релевантни за дејностите кои ги обавува за подобро планирање на тековни и идни активности со цел подобрување на образовната и научно-истражувачка дејност на институтот. ⇒ Прибирањето и обработката на личните податоци, особено личните податоци на студентите, се врши во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци, применувајќи соодветни технички и организациски методи за безбедност на податоците и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци. **СТАНДАРД 8. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА** ⇒ Редовно објавување податоци за активностите на Институтот на неговите веб и фејсбук страни, организирање на сопствени промотивни настани и гостувања на телевизиски програми. ⇒ Објавени информации на веб страната достапни за сите заинтересирани за студиските програми и условите за запишување. **СТАНДАРД 9. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА** ⇒ Активно унапредување на меѓународната соработка на Институтот, преку потпишување на нови меморандуми за соработка, зголемување на мобилноста на наставно-научниот кадар, продлабочување на соработката со постоечките меѓународни партнери, приклучување на Институтот на повеќе мултилатерални програми за научна и високообразовна соработка. ⇒ За прв пат оваа учебна година на студиските програми на Институтот е запишан еден странски студент.	
Можности	**Закани**
СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ	**СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ**

⇒ Усвојување на Годишен календар за активности поврзан со евалуација, во кој ќе се предвидува редовно спроведување на евалуација преку анкетирање на студентите и вработените во единицата.

СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

⇒ Изготвување на интерен акт за уредување на постапката за изработка и одобрување на студиските програми за втор циклус на студии.

⇒ Ревизија и акредитација на нови атрактивни и иновативни програми од вториот циклус на студии и нивна соодветна промоција.

СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ

⇒ Понатамошен развој и примена на иновативни и педагошки методи би можело значително да го подобри учењето и компетенциите на студентите.

СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ

⇒ Изработка на специјализирани правила кои ќе ги уредат сите аспекти на студирањето на вториот циклус, што ќе го подобри академскиот процес и ќе ги зголеми можностите за студентите.

⇒ Примената на нови правила и постапки за признавање на претходно фо рмално и неформално учење може да го олесни процесот на мобилност и напредок на студентите, овозможувајќи им поголема флексибилност.

СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР

⇒ Приемот на нов кадар е главна и единствена можност за ублажување на постојните недостатоци во структурата на кадарот, кои треба да овозможат унапредување на наставата и научноистражувачката работа.

⇒ Зголемување на финансиските средства за научно-истражувачки проекти може да резултира со повеќе објавени трудови и зголемување на меѓународната репутација на Институтот.

⇒ Институтот може со својот кадар и научно-истражувачките капацитети во

⇒ Поради ограничените финансиски и кадровски ресурси, може да биде предизвик успешното спроведување на сите активности и програми планирани во Стратегијата и Акциониот план на УКИМ и Земјоделскиот институт.

⇒ Евентуалните промени во законските и регулаторните околности може да влијаат на постоечките политики и процедури за обезбедување на квалитет, што може да создаде потреба за дополнителни прилагодувања и усогласувања.

СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

⇒ Зголемена конкуренција од други високообразовни организации и истражувачки институции со иновативни студиски програми кои ги следат новите барања и техничко-технолошки достигнувања во земјоделско-прехранбениот сектор и руралниот развој.

СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ

⇒ Доколку постои дисконтинуитет во развојот и прилагодувањето на наставните методи, може да претставува ризик од застарување на програмите, што ќе доведе до намалување на интересот на студентите.

⇒ Недостаток на доволно поддршка за иновации во наставата може да го намали квалитетот на образованието.

⇒ Недостаток на финансиски и технолошки ресурси би можел да го ограничи развојот и примената на нови наставни методи и технологии.

СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ

⇒ Доколку не се изработат и имплементираат детални правила за вториот циклус на студии, постои ризик од намалување на интересот на студентите и да изберат други образовни институции кои нудат појасни процедури.

СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР

⇒ Лоша кадровска политика и незаинтересираност на надлежните

партнерство со други релевантни организации да аплицира на меѓународни научно-истражувачки проекти, со што ќе се овозможи изработка на трудови со висок квалитет.

⇒ Институтот може да го искористи својот кадар и научно-истражувачките капацитети за развој на нови, атрактивни и иновативни студиски програми кои ќе привлечат поголем број студенти.

СТАНДАРД 6. РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ

⇒ Поради непосредниот контакт студент – професор, уште поголема вклученост на студентите во работата на Институтот и можности за полесно пронаоѓање на нови вработувања.

⇒ /Поголема искористеност на постоечките капацитети на институцијата, од експериментални оранжерии до современо опремени лаборатории, може значително да ја зголеми конкурентноста на институцијата при аплицирање на научно-истражувачки проекти и поголема заинтересираност за упис на студенти.

СТАНДАРД 7. УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ

⇒ Со подобрување на управувањето на информациите, зголемување на продуктивноста во научно-истражувачката и наставната дејност на Институтот.

СТАНДАРД 8. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА

⇒ Со зголеменото информирање на јавноста за работата на Институтот, се подобрува неговата промоција во јавноста и се зголемуваат можностите за понатамошна соработка со други научни институции и неговата атрактивност кај студентите.

СТАНДАРД 9. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

⇒ Со продлабочување на постоечките меѓународни соработки се зголемува можноста за мобилност на студентите и се создаваат можности за создавање на институции за нови вработувања. Доколку не се примат нови наставници, научни работници и соработници и административен кадар постои ризик од нормално извршување на основните дејности на институтот, за што е основан.

⇒ Постојаното намалување на бројот на запишани студенти може да доведе до дополнителни предизвици во одржувањето на квалитетот на наставата и финансирањето на Институтот.

СТАНДАРД 6. РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ

⇒ Неможноста и недобивањето дозвола за вработување на нови лица во стручно-административната служба може да го доведе во прашање функционирањето на службата.

⇒ Со намалување на бројот на запишани студенти, се доведува во прашање постоењето на актуелните студиски програми.

СТАНДАРД 7. УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ

⇒ Поради недостатокот на формален регистар за значајни настани, активности и процеси, намалување на транспарентноста во работењето на институцијата и намалена навремена информираност на вработените.

СТАНДАРД 8. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА

⇒ Недоволната промоција и информираност за студиските програми, доведува до намалување на интересот и намален број на запишани студенти.

СТАНДАРД 9. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

⇒ Континуираниот недостаток на финансиски средства може да ја намали можноста за учество во меѓународни проекти и објавување трудови, што би влијаело на репутацијата на Институтот.

⇒ Со недоволна ангажираност околу мобилноста на студентите и непостоење на формално тело за меѓународна соработка и интернационализација што ќе се грижи за меѓуинституционалните

заедничка студиска програма со странски универзитети.	соработки, се намалува атрактивноста на студиските програми и доведува до запишување на помал број студенти.

СТАТУС НА СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ	
Стандарди кои се целосно исполнети	1, 3
Стандарди кои се делумно исполнети	Стандардите: 2, 4, 5, 6, 7, 8, 9
Индикатори кои се делумно исполнети	Индикаторите: 2.3, 4.1, 5.2, 6,1, 8.1, 9.4
Стандарди кои не се исполнети	/
Индикатори кои не се исполнети	Индикаторите: 2.6, 5.6, 6.2, 6.6, 7.4
Најдобри практики и научени лекции во последната учебна година (се наведуваат до 5)	- Зголемените финансиски средства наменети за финансирање и имплементација на научно-истражувачки проекти во рамките на Земјоделскиот институт придонесоа за унапредување на мобилноста на наставно-научниот кадар, како и за поголемо учество на меѓународни конференции и зголемен број на објавени научни трудови. - Редовното информирање на јавноста на социјалните мрежи, организирањето на промотивни настани и гостувањата на телевизиските програми за научно-истражувачките дејности на Институтот се одразија добро на неговата промоција и поради тоа оваа практика поинтензивно ќе се примени во иднина и за афирмирање на студиските програми. - Унапредувањето на меѓународната соработка на Институтот, во однос на претходните години, придонесе за зголемување на мобилноста на наставно-научниот кадар и воспоставување на нови соработки и можности за научно-истражувачки проекти. Во иднина, овие соработки може да резултираат и со воспоставување на нова заедничка студиска програма. - Воспоставувањето и ставањето во функција на IKNOW системот овозможи поголема информираност и транспарентност на студентите околу сите фази на студирањето на вториот циклус студии.
Најголеми предизвици и недостатоци во обезбедување на квалитетот (се наведуваат до 5)	- Старосната структура на кадарот на Институтот не е задоволителна. Значаен дел од научниот кадар во наредните години ќе излезе од активниот состав на институцијата. Стручно-административната служба е со ограничен капацитет. Често се користат надворешни капацитети за стручноадминистративни работи кои се дополнителен финансиски товар, а функционирањето е отежнато. Помошен, технички кадар има во недоволен број. Овие состојби се во најголема мера резултат на

	лошата кадровска политика и незаинтересираноста на надлежните институции. Предизвик ќе биде зголемување на научниот подмладок, вработување на стручно-административен и помошно-технички кадар. - Слаб е интересот за студирање на втор циклус студии, со мал број на запишани студенти, што во одредена мера се должи на недоволната промоција на студиските програми. Во Институтот нема студентска служба и задачите на администратор за втор циклус студии ги обавува дел од научно-наставниот кадар. - Нема годишен календар на активности на институцијата поврзана со самоевалуацијата. - Меѓународно врмежување и интернационализација со цел креирање на нови меѓународни студиски програми и зголемување на студентската мобилност.

ПРЕДЛОГ КОНКРЕТНИ МЕРКИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СЛАБОСТИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ДЕЈНОСТА[1]								
Стандард	**Индикатор**	**Мерка**	**Вредност Г1**	**Проектирана вредност Г2**	**Рок**	**Надлежно тело**	**Ресурси**	**Ризик**
2.	2.3. А	М1 Анализа на потребите на пазарот за дизајнирање на компетитивни студиски програми, ревидирање на постојните и предлози за подготовка на нови програми - Евалуација на анкетите и изготвување на извештај - Ревидирање на постоечки програми - Подготовка на нови програми	0[2]	+1	Јуни 2026	Наставно-научен колегиум за втор циклус студии	УКИМ Земјоделски институт – Скопје	Недоволно време за координација и комуникација помеѓу различните учесници во процесот, што може да резултира со задоцнување или непочитување на роковите за подготовка и усвојување на анализата на потребите на пазарот./ Среден ризик
2.	2.3. Б	М2 Верификација на програма за неформално образование преку	0[3]	+1	Септември 2026	Наставно-научен кадар при УКИМ Земјоделски институт – Скопје	УКИМ Земјоделски институт – Скопје	Недоволна информираност за административните процедури за верификација на

[1] За еден индикатор може да се предложат повеќе мерки.

[2] М3Г1 Број на документи за потребите на анализа на пазарот и предлози за нови програми

[3] М4Г1 Број на поднесени програми за верификација на неформално образование

		Центарот за Образование на Возрасни (ЦОВ). - Идентификација на програма за неформално образование за развојните потреби на општеството и економијата - Подготовка и апликација на програмата						програмите. / Среден ризик
2.	2.6.	М3 Зголемување на бројот на студенти кои реализираат практична настава - Склучување меморандум за соработка со приватна компанија од областа на земјоделството	0[4]	+1	Септември 2026	Наставно-научен кадар при УКИМ Земјоделски институт – Скопје	УКИМ Земјоделски институт – Скопје; Приватна компанија со која што е склучен Меморандум за соработка	Незаинтересираност за соработка кај приватниот сектор. / Низок ризик

[4] М4Г1 Број на студенти кои реализирале практична настава

		- Реализирање на практична настава						
5	5.2.	M4 Зголемување на бројот на индексирани публикации во Web of Science и Scopus. - Интерна процедура за континуирано евидентирање и следење на објавени трудови на наставно-научниот кадар на ЗИ - Годишен самоевалуациски извештај за сопствените истражувачки резултати на секој член на академскиот кадар	4[5]	+10%	Септември 2026	Директор	Финансиски ресурси, од сопствени средства на УКИМ Земјоделскиот Институт	Недоволно финансиски средства за современа научно-истражувачка опрема и нејзино одржување./ Среден ризик

[5] M7Г1 Број на индексирани публикации за последните 5 години

		- Минимум една објавена публикација во Web of Science и Scopus во последните 5 години од секој член на академскиот кадар						
5	5.6.	М5 Број на организирани обуки за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава и неформални обуки, како и за развој на нивните педагошки и технички вештини (вклучувајќи вештачка интелигенција, зелени технологии или вештини, одржливост итн.).	0[6]	+1	Септември 2026	Директор; Наставно-научен колегиум за втор циклус студии	Финансиски ресурси, од сопствени средства на УКИМ Земјоделскиот Институт	Обезбедување на финансиски средства од сопствени извори за унапредување на капацитетите на наставниот кадар за реализација на наставата и обуки. Пронаоѓање на соодветни обуки за развој на проактивни и иновативни методи за настава./ Среден ризик
6	6.1.	М6 Зголемување на бројот на поднесени и добиени национални	2[7]	+50%	Септември 2026	Директор	Финансиски ресурси, од сопствени средства на УКИМ	Ризик од одобрување на проектите поради недоволно вмрежување со партнери. Недоволно

[6] М8Г1 Број на реализирани обуки

[7] М8Г1 Број на поднесени национални научно-истражувачки проекти

		научно-истражувачки проекти. - Финансирање на проекти од сопствени средства					Земјоделскиот Институт	финансирање на научно-истражувачка работа од институциите./ Среден ризик
6.	6.2.	M7 Поставување на инфраструктура за овозможување на пристап за лица со физичка попреченост. - Изградба на пристапна рампа за лица со физичка попреченост	0[8]	+1	Септември 2026	Директор	Финансиски ресурси, од сопствени средства на УКИМ Земјоделскиот Институт	Немање доволно финансиски средства за поставување на рампата./ Среден ризик
7.	7.4.	M8 Иницијализација за формирање на централизирана дигитална платформа (ЦДП) за зачувување и размена на податоци. - Идентификација на информации кои ќе бидат	0[9]	+1	Септември 2026	Директор	Финансиски ресурси, од сопствени средства на УКИМ Земјоделскиот Институт Човечки ресурси од УКИМ Земјоделскиот Институт	Немање доволно финансиски средства за поставување на ЦДП. Недоволно време за координација и комуникација помеѓу различните учесници во процесот. / Среден ризик

[8] М9Г1 Број на пристапни рампи

[9] М10Г1 Број на иницијализирани ЦДП

		дел од платформата - Дизајн на концептот на интранетот - Техничка имплементација - Обука на вработените за користење на системот - Одржување и унапредување на системот - Интеграција на алатката Microsoft Teams на Земјоделскиот институт во рамките на УКИМ.						
8.	8.1.	М9 Подготовка на дигитален информативен материјал за промоција на новите	0[10]	+1	Септември 2026	Наставно-научен колегиум за втор циклус студии	Финансиски ресурси, од сопствени средства на УКИМ	Ненавремена акредитација на новите студиски програми./ Висок ризик

[10] М11Г1 Број на дигитални промотивни материјали за промоција на новите студиски програми

		студиски програми и нивна дистрибуција до целните групи. - Изготвување на нов промотивен материјал за новите студиски програми и нивна промоција					Земјоделскиот Институт	
9	9.4.А.	М10 Зголемување на бројот на поднесени и добиени меѓународни научно-истражувачки проекти. - Аплицирање на проекти на меѓународни фондови - Учество на наставно-научниот кадар	2[11]	+10%	Септември 2026	Директор	УКИМ Земјоделскиот Институт	Ризик од одобрување на проектите поради недоволно вмрежување со партнери. / Среден ризик
9	9.4.Б.	М11 Учество на наставно-	7[12]	+10%	Септември 2026	Директор	Финансиски ресурси, од	Недостиг од финансиски средства

[11] М6Г1 Број на редовни професори кои учествуваат во меѓународни научно-истражувачки проекти

[12] М6Г1 Број на наставно-научен кадар што учествува на меѓународни конференции/мобилност во странство

		научниот кадар на меѓународни конференции/ мобилност во странство					сопствени средства на УКИМ Земјоделскиот Институт	за учество на меѓународни конференции. / Среден ризик
9.	9.4.В.	М12 Иницирање на меѓународна соработка со странски универзитети за реализација на обуки во образованието - Потпишување на меморандуми за соработка со странски универзитети	2[13]	+1	Септември 2026	Научен совет	Финансиски ресурси, од сопствени средства на УКИМ Земјоделскиот Институт	Недостиг од финансиски средства за реализација на обуката. Некооперативност од странски институции./ Среден ризик

[13] М12Г1 Број на нови потпишани меморандуми со странски универзитети